**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Првото продолжение на Петнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 април 1999 година**

Седницата се одржа во Големата сала во Владата на Република Македонија, со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по 15-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Томислав Стојанвоски и Радмила Шекеринска, Александар Гештаковски, Кирил Андоновски, Фадил Бајрами, Слободан Ќосев и Фатмир Етени ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Почитувани пратеници, со оглед на актуелната безбедносна состојба во Република Македонија, предлагам денешната седница да ја започнеме со Шестата точка од дневниот ред - Информација за актуелната безбедносна состојба во Република Македонија. Потоа ќе продолжиме со работа по другите точки од дневниот ред.

Мислам дека ова не би требало посебно да го ставам на гласање, туку да го прифатиме едногласно.

Дали има некој против ова?

Не гледам да се јавува некој.

Според тоа, ќе започнеме со точакта 6 - Информација за политичко-безбедносната состојба во Република Македонија.

Информацијата ќе ја поднесе претседателот на Владата на Република Македонија, г.Љубчо Георгиевски.

Му давам збор на г.Љубчо Георгиевски.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа почитувани пратеници, почитуван претседателе,

Дозволете ми на почетокот да го искажам малото задоволство што оваа Информација можам да ја поднесам после 15-от ден од оваа нованастаната ситуација во соседна Југославија и во една атмосфера кога прв пат од синојка се чувствуваме малку порелаксирани од оваа напната ситуација.

Информацијата би ја поделил на три дела: политичко-безбедносна, оперативно-техничка и кризата со бегалците затоа што, верувам ќе се согласите сите дека посебниот дел на оваа криза, делот на сето она што се случуваше оо бегалците е составен дел на она што го имавме во Република Македонија и на нашите граници овие денови.

Прво, што се однесува за политичко-безбедносната ситуација, јас на почетокот само ќе потенцирам, ние мораме во сето она што го правиме и анализираме да појдеме од една ситуација дека Република Македонија со ништо конкретно, од своја страна како држава, како власт и како поединци не придонесе оваа војна, односно овие настани што се случуваат на северот од нас да се одвиваат на начин како што се одвиваат. Единствениот виновник е нашата географија, местоположбата на Република Македонија каде што се наоѓа, меѓутоа тоа не значи дека ние како Влада и како пратеници не треба да се однесуваме одговорно и да ја заштитиме Република Македонија од оваа несреќна геостратешка положба на нашата татковина.

Одлуката на НАТО-Пактот за воен удар беше донесена од јасни мотиви што ги образложи и претседателот Клинтон, меѓутоа подоцна беа кажани и од сите политичари. Мотивот е во тоа што, за жал, политиката на г. Милишевиќ во последната деценија предизвика четири војни една по една: војната во Словенија, војната во Хрватска, војната во Босна и Херцеговина и оваа, исто така, долгогодишна криза на Косово што на крајот заврши со еден неуспешен преговор во Рамбује и НАТО беше мотивиран да ги изврши овие воени удари.

Република Македонија се најде во една таква позиција каде што веќе на својата територија имаше две мисии на НАТО: една мисија која беше со дозвола на претходната Влада, една мисија на НАТО која беше со дозвола на новата Влада и плус одреден број војници на НАТО-силите кои чекаа во Република Македонија во случај на потпишуваше на мировниот договор во Рамбује мировно да поминат на територијата на Косово.

Така што сите импликации, сите обиди да се вовлече Република Македонија во некакви акции или да се протолкува дека Република Македонија е агресор на својот северен сосед, апсолутно мислам дека се неуспешни и немаат никаква аргументација.

Од една страна тоа беше онаа ситуација која ја затекнавме, а од друга страна ја имавме јасната позиција на Република Македонија, дека Република Македонија едногласно е определена, со својата Евро-атланска ориентација и мислам дека до ден денеска нема ниту една сериозна политичка партија ниту во Парламентот, ниту надвор од Парлемантот која ја постави под знак на прашање Евро-Атланската ориентација на нашата држава. Тоа е она што го имавме од страна на принципиелната политика.

Од друга страна сепак го имавме принципиелниот став за немешање и недозволување на нашата територија за користење на нашата држава и територија за напад и агресија на друга земја, односно на некој наш сосед.

Сметам дека и на тој став принципиелно издржавме од почетокот до крај и до ден денеска можеме да кажеме дека нашата територија остана принципиелно заштитена и од НАТО-припадниците и од нашата Влада на тој доследен став.

Често се зборува дали НАТО-силите ќе извршат копнен удар на нашито северен сосед?

Можам најодговорно да Ви кажам дека до ден денеска ниту од еден НАТО-претставник не е побарано Република Македонија, територијата на нашата држава за користење, за навлегување на копнени единици на НАТО во територијата на северниот сосед. Напротив, секогаш се потенцира дека овие трупи што се наоѓаат во Република Македонија само можат со мировен договор да се повлечат и да заминат на Косово.

Впрочем и доколку дојде до некоја идеја НАТО да настапи со копнени сили на Косово, едно е јасно, ќе има широка расправа прво во европските парламенти, во Конгресот на САД, тоа ќе биде работа за која што сите добро ќе знаеме и сите ќе бидеме однапред информирани, а јас Ве уверувам дека таква одлука ни од Република Македонија не може да се донесе без една таква одлука да се постави во овој Парламент и притоа, ако се наложи, само со едногласен став ние можеме да донесеме таква одлука за дозволување на некое копнено настапување на НАТО-силите према некој северен сосед.

Оттука, сакам да отфрлам било каква грижа што се појавува во разни средства за јавно информирање дали се спрема некаква НАТО копнено настапување во овој момент? Нема таква работа. Доколку има, тоа нема да помине без знаење на овој Парламент и без потврда на овој Парламент.

Што се однесува до политичко-безбедносната ситуација, ќе дадам неколку други оценки, како што е фактот дека единствениот интерес што ја водеше Владата на Република Македонија, беше многу јасен да заврши оваа војна, несакана војна што побрзо, да се потпише мировниот договор според формулата од Рамбује и притоа Република Македонија во ниту еден момент да не биде вовлечена во воените настани, а исто така, колку што можеме поуспешно да ја завршиме оваа операција со кризата на бегалците, да ги прифатиме моментално во Република Македонија, да ги разделиме во други држави или да ги вратиме после завршувањето на кризата на Косово во нивната татковина, односно во местото на своето живеење.

Оттука, кога зборуваме за оваа политичко-безбедносна ситуација, морам да кажам дека на почетокот, со избувнувањето на војната како да се појавија одредени тенденции во Република Македонија на одредени мали групи да ја вовлечат индиректно Република Македонија во оваа воена ситуација на Косово. За жал, на страната на соседна Југославија имаше доста такви обиди, меѓутоа верувам дека после цврстиот став на сите политички субјекти во Република Македонија, после цврстиот одговор на најголемиот дел од граѓаните од Република Македонија, мислам дека тие напори за кратко време спласнаа и Република Македонија остана со својата принципиелна политика понатаму да дејствува. Кога зборуваме за политичко-безбедносната ситуација веднаш можеме да ги поврземе и конкретните активности на Владата на Репуб-лика Македонија. Можам да кажам дека веднаш после избувнувањето на кризата во Владата се направи јасна поделба на одговорносите меѓу министрите. Јас би ги издвоил министерствата што најмногу на својот грб го презедоа товарот, ја презедоа одговорноста и жестоката активност, практично секојдневна. Пред се тука би го истакнал Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за здравство, за градежништво и урбанизам, за труд и

социјална политика и Министерството за сообраќај. Тоа не значи дека другите министерства не беа директно ангажирани, меѓутоа тие беа ангажирани во отстранувањето на индирекните последици од оваа состојба. Додека посочените министерства беа дирекно ангажирани, дирекно вклучени и сведок сум дека сите овие министри по 24 часови активно работеа за да можат што поуспешно да се справат со оваа ситуација.

Би ги издвоил посебно секое од тие министерства и би кажал по неколку зборови за нив.

Министерството за одбрана, од почетокот на кризата и Армијата на Република Македонија беа во потполн ангажман. Ова министерство беше во улога на главен координатор на повеќе ресори од другите министерства на Владата на Република Македонија.

Тежиштето го насочивме на задачите врзани за обезбедување на државната граница, ангажирање на додатните сили на Армијата од внатрешноста на територијата, прием на камповите и набљудувачките места од УНПРЕДЕП и ангажирање на силите на НАТО во спречување и отстранување на последиците на огромниот број бегалци.

Пред почетокот на бомбардирањето на НАТО, силите на Сојузна Република Југославија, подигната е борбената готовност на граничните единици, на дел од командите на бригадите, корпусите, Генералштабот и Министерството за одбрана. Пополнети се караулите на границите кон Север и Запад, ангажирани се дел на специјални единици за обезбедување на границата и во готовност за употреба.

Со нараснувањето на кризата доведени се единици од внатрешноста на територијата и додатно е засилена државната граница и извршена е делумна мобилизација на единиците.

Во почетокот на кризата на дел од границата беше зголемен бројот на илегални минувачи на потезот од реонот на село Гошинци-Кумановско, па се до Љуботен кај Тетово, да попосле кај Блаце и Јажинце во проба на илегален премин на државната граница беа регистрирани 2500 лица од СРЈ и 27 лица од РЈ. Огромен дел од бегалците, неколку илјади, се попречувани илегално да ја минат границата и истовремено се насочувани кон легалниот премин Јажинце и Блаце.

Иако со мал број на војници, цениме дека оваа задача е извршена со огром-но пожртвување, без употреба на огнено оружје, без повреди кај нашите војници. Посебно за истакнуваше е дек до ден денеска немаме ниту еден повреден ниту војник  ниту старешина, полицаец од страна на Република Македонија.

Во понатамошниот дел на Армијата на Република Македонија уште повеќе го засили обезбедувањето на границата, а еден дел од нејзиниот состав се ангажирал во хуманитарни задачи и во функција на ублажување на хуманитарната катастраофа.

Во обезбедување на државната граница се ангажирани 2530 војници, професионални војници, старешини и граѓански лица. Извршена е

мобилизација на дел од единиците на резервниот состав кои сега ги извршуваат поставените задачи. Ќе се преземат и најостраи мерки кон сите оние кои не се ангажираа или отповикаа.

Армијата, и понатаму се ангажира во обезбедувањето на границата и планско извршување на останатите задачи. Министерството за одбрана, (во улога на главен координатор уште пред почетокот на бомбардирањето постојано укажуваше на вкупниот комплекс на проблеми врзани за изведување на операцијата над СРЈ, а најостро реагираше во моментот кога отпочна пристигнувањето на поголем број бегалци, кај командата на НАТО. Меѓутоа, нашите реагирања не беа сфатени со својата сериозност.

Министерот за одбрана мораше лично да бара брза реакција на единиците на НАТО во пружање на помош во шатори, контејнери и друга опрема врзана за обезбедување на колку-толку подносливи услови. Барано е од НАТО ангажирање на војниците во чиста хуманитарна операција како би се оттргнале последиците од катастраофата во која, несакајќи, бевме вовлечени.

Понатамошните мерки на Министерството за одбрана, на Генералштабот и командите се во тоа што константно ќе ја следат ситуацијата во регионот, а посебно на границата и ќе преземаат мерки за заштита на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија.

Потребно е да се планираат додатни финансиски средства за потребите на Армијата, Министерството за одбран аи Министерството за внатрешни работи.

Министерството за одбрана ќе се ангажира на забрзано доведување на борбената техника од други земји што веќе ја ветија таа помош. Потребно е да се забрза набавката на муниција за хаубиците и други врсти на муниција за вооружувањето што веќе го имаме. За потребите на Армијата потребно е од државните резерви постојано да се обезбедуваат резерви од гориво, храна и други неопходни потреби, а истото ова се однесува и за Министерството за внатрешни работи.

Кога сем кај Министерството за внатрешни работи, морам да кажам дека сепак, најголемиот товар од дирекното обезбедување на легалните гранични премини, комплетното попишување на бегалците, нивното транспортирање и комплетната безбедност на внатрешен и политички план падна на грбот на МВР. Можам да кажам дека тие исклучително ја извршија својата задача, при што, кога зборувам за припадниците на МНР и припадниците на Министерството за одбрана, морам да ја истакнам високата психолошка и морална состојба во која сите припадници и на МНР и на Министерството за одбрана ги прифаќаат наредбите, командите од своите старешини. Можам да кажам дека во соработката со нив до сега немаме ниту еден посериозен инцидент.

Во таа насока би ги спомнал и напорите на Министерството за надворешни работи кое и пред кризата и после кризата беше максимално активно во жестоката и брза коресподенција со, прво, амбасадорите внатре во Република Македонија, потоа дирекните претставници на европските држави, на Соединетите американски држави, беа направени стотина комуникации внатре во Република Македонија. Беа испратени над десетина писма во поглед на таа меѓународна комуникација, а во секој момент имаме по еден претставник од МНР на разни конференции надвор од Република Македонија, со цел за обезбедување што побрза и посериозна хуманитарна помош, меѓутоа и безбедносните аранжмани кои не се за потценување во таа насока за нашата татковина. Токму во оваа недела и идната недела се навестуваат многу сериозни конференции на кои треба да учествуваат претставници на МНР, претставници на Владата каде што очекуваме по конкретни резултати затоа што мораме да кажеме дека ни требаше долго време да пробиеме одредени ставови, посебно на ЕУ и во поглед на целокупната криза во Република Македонија, меѓутоа посебно во поглед на бегалците.

Тука го имам комплетниот список пред мене кој ден какви писма се праќани, какви се разговори се правени. Мислам дека таа Информација можеме да ја доставиме и посебно за да се уверат граѓаните на Република Македонија дека и предвремено и со текот на самата акција Министерството за надворешни работи ја бомбардираше меѓународната јавност со своите ставови, со ставовите на Владата на РМ и со ставовите за брзо обезбедување на хуманитарна помош, меѓутоа и безбедносна подршка.

Исто така, би сакал да ја истакнам заложбата на Министерството за градежништво и урбанизам кое и покрај тоа што никој не предвидуваше, ниту Високиот комесаријат ниту НАТО силите кои преземаа одредени одговорности ангажман на Министерството за урбанизам и градежништво, сепак најголем, дел на крајот од дирекниот товар на работата на лице место падна на негов грб и мислам дека ние во овој момент ја имаме следнава ситуација, имаме собирни центри во Јажинце и во Блаце, имаме три кампа за згрижување во Радуша, Непроштено и Бојане и еден транзиционен центар во "Стенковец".

Што се однесува до Министерството за здравство, морам да кажам дека независно од сите критики што доаѓаа посебно од одредени меѓуанродни средства за информирање, во рамките на своите можности Министерството за здравство исто така го направи оптималното; прво, во организацијата на здравствената дејност немаше камп и немаше Собирен -центар што не беше покриен со активноста на Министерството за здравство. Друг проблем е што Меѓународната помош на разни лекарски организации дојде малку подоцна. Меѓутоа, сметам дека самите цифри што досега ги имавме, а кои воопшто мислам дека не се трагични и на починати луѓе, а посебно во онаа што се креваше постојано некаква дезинформација дека има заразни болести или незнам што едноставно немаме досега ниту еден податок дека можеме да го потврдиме тоа и можеме слободно да кажеме дека во целиот тој наплив на огромен број на бегалци на границите на Република Македонија Министерството за здравство до крај остана одговорно, со една комплетна контрола на состојбите таму и резултатите денеска слободно можеме да ги кажеме дека се повеќе од позитивни.

Конечно, треба да спомнеме не треба да бегаме, а да не го спомнеме ни

Министерството за сообраќај и врски каде што беше формирана посебна работна група од вработените што се ангажирани при реализација на активностите, на планот на организацијата на воздушниот простор и аеродромите за непречено прифаќање и испраќање авиони со хуманитарна помош и бегалци од Република Македонија, обезбедување поголем временски простор за цивилен воздушен сообраќај во РМ, отвореност на сообраќајни аеродроми "Скопје" и "Охрид" соодветно на претходното време за цивилен воздушен сообраќај, договор со домашните авио-компании и конечно, организирање и прифаќање на сите бегалци од границата до транзициониот камп во Стенковец, а понатаму вчера беше организирана, вчера и завчера беа организирани првите воздушни летови надвор од РМ и изнесувањето на скоро 5 илјади бегалци од кампот во Стенковец за Албанија, каде што транспортот комплетно го организираше, без некој посебен проблем Министерството за сообраќај и врски.

**ЉУВЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

И конечно, би спомнал за Министерството за труд и социјална политика, кое по одлука на Владата на Република Македонија за формирање на координативно тело за хуманитарна помош на бегалците од Косово, активно се вклучи во работата на ова тело и презема низа мерки за координација на активностите и контакти со голем број на хуманитарни оргнаизации во Републиката. Министерството на најкритичните денови целосно се вклучи во наведените активности, организира соодветни дежурства во Минситерството кои имаа за цел да помогнат во информирањето на хуманитарните организации за потребите од социјална помош, како и начинот на упатувањето на помошта. Целокупното ангажорање и сите активности околу организацијата и прифакањата на бегалците, ова Минстиерство ги врши во целосна координација со Високиот комесаријат за бегалци, Црвениот крст на Република Македонија и други хуманитарни организации. Во Минситерството примени се претставници на голем број владини и невладини хуманитарни органиазции, кои се информираат за состојбите со беглаците, нивниот прифат и сместување и обезбедуваше на неопходните услови за живот.

Она што треба посебно да се одбележи е дека ова министерство подготви план на потребни основни прехранбени производи за потребите на домаќинствата на бегалците, како и за потребите на нашите социјално загрозени граѓани за период од наредните три месеци.

Значи, сакаме да ја кажеме оваа релаксирачка вест дека во разговор со одредени меѓународни организации не само што ова министерство ќе се грижи за бегалците кои се веќе сместени во Република Македонија, туку има соодветен план и за оние 60 и 80 илјади фамилии кои примаат социјална помош во Република Македонија, така

што да можат тие во исто време да ги користат овие фондови, што не мала помош за оваа ситуација.

На крајот би ги спомнал и залагањата на Министерството за стопанство, трговија и финансии, кои не беа директни вклучени во оваа директна опасност за безбедноста и актуелната политичка состојба и кризата со бегалците, меѓутоа, активно работеа на прибирање на сите податоци за негативните стопански резултати кои може Република Македонија да ги има од оваа ситуација. Мислам дека имаме сериозни податоци во таа насока и тука би ги спомнал тие податоци затоа што сметам дека не треба да остане тајна ниту пред македонската јавност, затоа што ние имаме сериозна намера да поведеме кампања пред меѓународните финансиски институции, да добиеме соодветна компензација. Досегашните проценки се дека до овој момент Република Македонија трпи штета од 200 милиони долари по својата економија, независно од делот на бегалците и дека ако продолжи понатаму, секој месец штетите по економијата на Република Македонија ќе бидат 150 милиони долари. Оваа бројка ја кажуваме затоа што сметаме дека е сериозна бројка, подготвени се да прифатиме било какви меѓународни експерти кои според веќе познатите правила на Обединетите нации можат тие компензации точно самите да ги утврдат.

Можам да кажам дека има сериозни навестувања дека таа штета на Република Македонија ќе и биде платена. Досега не можеме да зборуваме за некои конкретни бројки, освен за еден кредит од Светската банка од 40 милиони долари по поволни услови. Очекуваме дека веќе идната недела ќе имаме две значајни конференции. Првото е конференцијата односно средбата со ММФ за отпишуваље на долговите на Република Македонија или репрограмирање на долговите на Република Македониај за оваа и идната година, а веќе

за десетина дена очекуваме и донаторска конференција, која ќе биде посветена специјално за потребите на Република Македонија. Од разни држави се навестуваат разни бројки, меѓутоа ние не би сакале да прејудицираме затоа што знаете каква е праксата досега, обично се ветуваат големи бројки, а на крајот ако добиеме половина од она што го ветуваат ќе биде добро. Меѓутоа, да ги оставиме овие конференции, јас верувам дека за десет до петнаесет дена ќе можеме да зборуваме за посериозни бројки.

Еве, тоа е накратко она што сакав да го соопштам во поглед на

она што го правеше Владата на Република Македонија. Верува дека можеби денешниот ден е навистина погоден ден, затоа што со синоќешниот ден сметам дека еден голем товар симнавме од грбот на Република Македонија и веќе можеме да зборуваме за порелаксирана состојба.

Во овој момент можам да ви го кажам следното, дека проблемот со границите на Република Македонија и големиот бран бегалци на нашите граници веќе не постои. Сите три гранични премини, практично Табановце и Јажинце уште вчера беа нормализирани, а денес од утрина можеме да зборуваме дека и граничниот премин Блаце е нормализиран и дека оние лоши слики што ги видовме на Блаце веќе не постојат.

Во таа насока, тука деновиве слушнавме доста критики што е тоа што можела Владата на Република Македонија да го направи за тие бегалци. Јас можам да кажам дека мене особено тешко ми паѓаат критиките од меѓународните средства за јавно информирање и мегународните политички фактори, кои вршеа интензивен притисок овие денови и на Владата на Република Македонија, а голем дел од тие разговори ги имаше и претседателот на Републиката, да се отворат границите на Република Македонија и без никаква контрола да се пуштаат бегалците внатре во Република Македонија, за да се избегне хуманитарната катастрофа на границите. Јас морам да кажам неколку работи.

Прво, сигурно дека има простор да се критикува и Владата на Република Македонија, меѓутоа некои аргументи мислам дека мора да се кажат.

Прво, и покрај тоа што комплетното државно раководство на Република Македонија веќе 15 дена јасно апелира и праќа писма до Меѓународната заедница да се упати јасна и конкретна помош за состојбите на бегалците на Република Македонија, најодговорно тврдам дека до моментот кога влегоа 55 илјади бегалци во Република Македонија, Република Македонија на сите повици не добиваше никаков одговор. Требаше да се собере Советот на безбедност и да одлучи дека привремено ќе се затворат границите на Република Македонија, за да се обезбеди нивен транзит од Република Македонија, за да стигне првата помош во Република Македонија, првиот литар млеко и првиот шатор во нашата татковина.

Сето тоа зборува за малку неодговорен однос на европските сојузници при подготвувањето на оваа воена акција. Јас можам да кажам дека моето задоволство веќе го добиваме и во меѓународните коментатори и да речеме вчерашната изјава на господинот Мејџер, поранешниот британски премиер, кој јасно ја осуди Европската унија и НАТО-сојузниците дека влегоа во оваа воена операција без воопшто да размислуваат за последиците кои можат да и се случат на Албанија и Република Македонија во поглед на бегалците.

Она што го правеше Република Македонија е следното;

Веднаш по добивањето на првата помош, ние ги организиравме кампoвите и стратегијата беше многу јасна. Покрај оној бран на бегалци кои беа примени по куќите во Република Македонија, да се направи еден голем камп, а тоа е кампот на Стенкоец кој ќе служи како транзиционен центар, во кој ќе се соберат луѓето од Блаце и од тука ќе бидат распределувани во другите земји широм Европа или во другите балкански и европски држави.

Тука повторно наидовме на еден тврд став на Европската унија, кој мислам дури завчера се промени, кој цело време ја бранеше позицијата дека бегалците треба да останат во Албанија и Република Македонија, за да можат кога ќе се смири ситуацијата на Косово да се вратат назад. Ние сме оптимисти дека ситуацијата на Косово и во Југославија ќе се смири брзо, меѓутоа, исто така ние мораме да ја зачуваме нашата безбедност и да размислуваме што ако оваа ситуација потрае месец или два. Токму заради тоа, сите наши барања, сите наши пораки беа токму во насока бегалците да се прифаќаат до Република Македонија, да се носат надвор од Република Македонија и на тој начин да се релаксира и внатрешната економска и политичка ситуација во нашата татковина и на тој начин да биде споделен

товарот и со другите балкански и европски држави.

Можам слободно да кажам, за жал, во ова бавно работење на Висиокиот комесаријат на кој десет дена му се бара шатори во Република Македонија, тој никако не сакаше да го даде првиот шатор, кумуваа и некои внатрешни организации, а јас тука би ја истакнал само - незнам дали таа е независна хуманитарна организација "Ел Хилал", ми се чини дека тоа е организација на Муслиманската полумесечина или незнам како - која за жал цело време на високите претставници на ОБСЕ и на амбасадорите на европските држави даваше информации дека нема проблем, Република Македонија има доволно места во својата држава сите тие бегалци да ги прифатат по куќите и да бидат сместени во куќите.

Исто така, за одбележување е што одредени високи претставници на ОБСЕ и одредени амбасадори повеќе комуницираа со таа хуманитарна организација отколку што комуницираа со претставниците на Владата на Република Македонија и информациите на "Ел Хилал" беа поважни за нив отколку информации на драматичност кои Владата на Република Македонија и државните претставници на Владата ги даваа. Токму заради тоа, ние имавме една таква ситуација, јас ќе кажам и еден банален пример. Се поставува прашањето зошто Република Македонија не постави порано кампови за бегалци. Од едноставна причина, дами и господа, што ние затекнавме таква ситуација што во моментот кога почна оваа криза на Косово во Министерството за внатрешни работи немаше шатори ниту за своите полицајци да ги обезбеди, а не да прави камп за бегалци. Значи, во една таква ситуација единствената помош која можевме да ја добиеме беше од Европа, од Високиот комесаријат за бегалци кој упорно ги игнорира сите барања на Република Македонија за доставување и на конкретна хуманитарна помош, меѓутоа и за изградба на овие кампови кои во последен момент се направија и на крајот ги доживеавме како спасоносни.

Морам да кажам дека и покрај тоа што оваа Влада смета дека направи многу за овие бегалци, останува прашањето на една непопуларна кампања која одредени меѓународни средства за јавно информирање почнаа да ја прават против нашата земја, каде директното обвинување беше многу конкретно и многу необјасниво, дека Владата на Република Македонија не дозволува брз премин на граничните премини, затоа што била ориентирана "просрпски" и затоа што со таа мерка сакала да ја поддржи политиката на Милошевиќ. Мислам дека овие тези кои беа изнесени од сериозни меѓународни средства за јавно информирање не заслужуваат коментар, мислам дека сите ние многу јасно можеме да се одбраниме од тие тези. Меѓутоа, јас ги сваќам само како директен притисок тој бран на бегалци да се отпушти, без контрола да влезат во нашата татковина, повторно потенцирајќи дека проблемот на изградбата на Транзициионот камп во Стенкоец не беше проблем на Владата на Република Македонија, затоа што НАТО-пактот даде јасно ветување дека за 24 часа ќе го направи тој камп, а на крајот испадна дека беа потребни 4 дена за да се заврши истиот тој камп, за да може целиот тој транзиционен процес да се одвива беспрекорно.

Независно од сите тие работи кои се појавуваа како помали или поголеми грешки во целата таа процедура, јас на крајот ќе потенцирам дека во овој момент во Република Македонија е домаќин на една бројка од 130 илјади бегалци, од кои половината се наоѓаат во куќи во Република Македонија, а половината, околу 70 илјади се наоѓаат во кампот Стенкоец и во камповите, во трите додатни кампови како помош на овој кампт Стенкоец.

Јас незнам дали ова што го направи Република Македонија ќе има простор за благодарност од разни субјекти кои беа вклучени во оваа операција. Меѓутоа, само ќе ја повторам тезата која ја кажав вчера пред меѓународните средства за јавно информирање.

После завршувањето на оваа војна едно е јасно: ќе имаме северен сосед, Србија која уште 10 години ќе ни прави ситни штети сметајќи дека Републкка Македонија учествувала во оваа акција против неа, ќе имаме граѓани од Косово кои до ден денес не знаеме дали ќе бидат задоволни и ќе искажат една реченица благодарност за она што го направи Република Македонија во овие 10 дена тешки за Република Македонија. Меѓутоа, независно од едните или другите ставови, јас можам само да ја повторам јасната позиција на Владата на Република Македонија.

Ние во овие десетина дена бевме растргнати, прво мегу обидот да се вовлече Република Македонија на страната на Југославија.

Второ, бевме во една анти-НАТО-кампања и,

Трето, во оваа медиумска пропаганда да се отворат границите на Република Македонија и без никаква контрола да се пуштаат бегалците од Косово.

Мислам дека до овој момент Владата на Република Македонија издржа на сите тие притисоци и денес слободно можеме да кажеме дека веќе одредени ситуации во нашата татковина се нормализирани и можеме да тргнеме во помирен пат на дејствување.

Од вчера можеме да кажеме дека се добиени гаранции од повеќе земји за транзиција на овие бегалци од кампот во Стенкоец, потврдени се 20 илјади бегалци кои треба да заминат во Турција, потврдени се 15 до 20 илјади кои треба да заминат за Албанија, потврдени се 6 илјади за Норвешка, потврдени се 10 илјади за Германија.

Очекуваме денес министерска конференција на министрите за внатрешни работи во Брисел, каде што и други држави ќе се огласат за земање бегалци од Република Македонија и на нас не ни преостанува ништо друго, освен основната стратегија која ја започнавме на почетокот да ја завршиме до крај: да го видиме што поскоро мировниот договор за Косово, да заврши оваа војна, а при тоа да имаме јасен резултат, Македонија да не биде вовлечена во оваа војна, Македонија да нема ниту една лузна од оваа војна и Македонија мирно да го заврши процесот на транзитирање на бегалците дали кон други држави или кон нивните огништа на Косово. Ако тоа го постигнеме на крајот на оваа операција, јас верувам дека и Владата и Парламентот, сите ние сме ја оствариле нашата функција.

Конечно, на крајот би сакал посебно да истакнам дека во извршувањето на оваа акција и операција на начин на кој беа извршувани досега до овој ден, можам слободно да кажам дека повеќе од комплименти можам да изразам за однесувањето на граѓаните на Република Македонија. Практично на сите граѓани на Република Македонија кои после првите бранувања едноставно, најодговорно ја сфатија ситуацијата на Република Македонија во која се најдоа и понатаму посебно после апелот на Министерството за надворешни работи да се стопираат сите демонстрации и протести внатре во Република Македонија за да може полицијата да се посвети на безбедноста и на границите, мислам како со нож беше пресечена секоја активност и мислам дека добивме едно комплетно разбирање од сите граѓани на Република Македонија.

Посебно сакам да го истакнам учеството, за кое веќе спомнав, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, на сите негови припадници, кои без никаков поговор ги извршуваа сите акции.

Посебно на крај, би сакал да ја подвлечам нашата соработка со Претседателот на Републиката, господин Киро Глигоров каде што практично сите покрупни чекори ги повлекувавме заедно. Во таа насока сметам дека докажавме дека како Република Македонија можеме да бидеме единствени кога и е најтешко на Република Македонија, а во истата таа ситуација би сакал да се заблагодарам на однесувањето и на опозицијата во Република Македонија која во сите овие 15 дена мислам дека не направи ниту еден посебен сериозен чекор во злоупотреба на оваа ситуација која денес Република Македонија ја има. Верувам дека кога ќе се потпише мирот на Косово, ние ќе можеме да се вратиме на нашите секојдневни битки и политички натегања, меѓутоа, мислам дека до овој момент Република Македонија на сите тие нивоа ја положи комплетно својата одговорност како држава, како Парламент и како познавање што е националниот и државниот интерес во една таква ситуација. Верувам дека како таква држава ќе успееме и наредните денови додека трае оваа воена ситуација да ги завршиме беспрекорно и да се вратиме на нормалниот живот и на нормалните активности во нашата татковина.

(Аплауз од пратениците)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за исцрпната информација од страна на претседателот на Валдата на Република Македонија, господинот Љубчо Георгиевски.

Отворам расправа по Информацијата.

Молам, кој бара збор?

Збор побара пратеникот Никола Поповски, а понатаму Мерсел Биљали итн., како што е по ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван Претседател, почитуван претседател на Парламентот, почитувани пратеници и министри, со оглед на карактерот на оценките и ставовите и оценка на состојбите низ кои помина Македонија во последниве 15 дена во

вториот дел од излагањето на господинот Георгиевски, во име на Пратеничката група би побарал една кратка пауза за да ни се поделат стенографските белешки, за да можеме врз основа на него и да се до подготвиме за настап по Информацијата, да ги проучиме и уште еднаш да ги видиме оценките кои беа изнесени.

Ве молам да дозволите една пауза за да ги проучиме стенографските белешки и да продолжиме со работа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Да дадеме пауза од 1 час, тоа да се симне од стенограм, да се умножи и да се подели, за да може да се проучи.

Давам пауза од еден час, значи до 13,10 часот.

(Седницата прекина во 12,10 часот) - (по паузата)

Седницата продолжи со работа во 13,30 часот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Денешната точка на дневниот ред- Информација за политичко безбедносната состојба во РМ беше конципирана и произлезе, пред се, нејзината содржина, стурктура и информираност односно квалитетни информации од седницата на Советот за национална безбедност на која беше донесена Одлука да ги сослушаме излагањата на претседателот на Владата на РМ г.Љубчо Георгиевски и на претседателот на РМ г.Киро Глигоров.

Излагањето на претседателот на Владата г. Љубчо Георгиевски го сослушавме, имавте можност веројатно да го добиете во писмена форма (реакција од пратениците дека сеуште не е добиен стенограмот). Значи, сеуште не ви е поделен, но добро, ќе имате можност и тоа да го добиете, но сакам да ве информирам за следново. Претседателот на РМ г. Киро Глигоров му се појавија неодложни обврски и тој денеска ме замоли поради тие неодложни обврски, а ми се обрати и со писмо утре да закажам посебна седница согласно членот 85 став 1 од Уставот на РМ во 13,00 часот да се обрати пред нас пратениците и да ги изложи своите видувања за политичко-безбедносната состојба во РМ. Со оглед на договорот и со оглед на фактот што е навистина потребно да се добијат целосни информации од двете најодговорни личности во државата во врска со актуелните политичко безбедносни состојби, јас за утре во 13,00 часот закажувам посебна седница на Собраниеот на РМ на која ќе говори претседателот на РМ г. Киро Глигоров.

Истовремено јас предлагам после пауза од неговото излагање ние да продолжиме со денешната сеница, бидејќи на тој начин ние ќе добиеме навистина квалитетни информации од двете личности кои имаа најфрекфрентни контакти овие денови со сите раководни личности во Европската унија, во странство итн. Така што јас денеса предлагам седницата да ја прекинеме, утре да си продолжиме во 11,00 часот со редовната Четиринаесетта седница, а во 13,00 часот да имаме посебна Седумнаесетта седница на која ќе го сослушаме излагањето на претседателот Киро Глигоров. По паузата ние ќе си продолжиме со расправа по оваа точка од дневниот ред .

Ве молам, тоа е мојот предлог.

Дали има друго размислување.

Збор побара г.Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Г.претседателе, почитувани пратеници, почитувани членови на Владата, Сакам да ве потсетам дека ние во овој момент одржуваме редовна седница на Собранието на која се наоѓа точка Информација на Владата на РМ за актуелните безбедносно-политички состојби во нашата држава.

Добивме Информација од страна на Владата односно од страна на премиерот г.Љубчо Георгиевски, сега по сите деловнички правила г.претседателе вие да отворите расправа. Дали Претседателот ќе се обрати, кога ќе се обрати, тоа е предмет на друга седница тогаш кога таа ќе се одржи, вие кажувате дека тоа ќе се случи утре, во ред, немам ништо против тоа, меѓутоа, согласно деловникот за работа на Собранието на РМ вие денеска треба да отворите расправа по повод дадената информација од страна на претседателот на Владата на РМ. Ве молам постапете според Деловникот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, и според Деловникот и да се одложи седницата не само да се отвори расправа. Јас сметам дека навистина е потребно, бидејќи таков беше заклучокот на Советот за национална безбедност да се добијат информации. Но, добро, ние имаме два предлога. Едниот предлот е да се продолжи со расправа, ќе ве молам кој е за предлогот денеска да продолжиме со расправа, инаку не ќе можеме.

Г.Зибери побара збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа.

Ние вчера и денеска, всупност денеска пред седницата на Собранието имавме средба со претседателот на Собранието и координаторите на пратеничките групи каде се договоривме за следното:

Најпрвин да го ислушаме излагањето на претседателот на Владата, потоа да се отвори расправа на која, доколку е можно што помал да биде списокот на дискутанти, по можност еден или двајца од пратеничките групи, но во крајна линија пратеничките групи сами ќе оценат и потоа би го ислушале и излагањето на претседателот на Републиката. Јас незнам сега од каде доаѓа нов предлог и зошто не бевме свикани координаторите на пратеничките групи да се договориме, па макар и вака како што предлага претседателот на Собранието да се постапуваше. Тоа е едно.

Второ, сметам дека ситуацијата е таква што не трпи вакви одлагања. Ние како пратеничка група перманентно инсистираме да расправа Собранието и за нас од несватливи и неразбирливи причини Собранието не беше во состојба две недели да се состане и да биде информирано за мерките кои ги презема Владата и за состојбата на граничните премини со бегалците и политичко безбедносната состојба во Републиката.

Од тие причини пратеничката група на ПДП смета дека не треба да се одложи денешната расправа а доколку е спречен претседателот на Републиката да му се обрати на Собранието денеска, тоа нека го направи на посебна седница повикувајќи се на членот кој го цитирав-е и вие.

Ние денеска имавме излагање на претседателот на Владата, пратениците се подготвени да учествуваат во расправата и согласно тоа сметам дека треба да се постапи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Г. Амди Бајрам побара збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници.

Јас предлагам затоа што и јас не учествував, задоцнив малку, мислам дека би требало бидејќи утре е осми април светски ден на Ромите, јас ќе учествувам на седницата до некое време, па во интерес на тоа предлагам да се продолжи седницата, сите да се искажаме, а и јас имам свое излагање како пратеник од Сојузот на ромите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му брагодарам на г. Амди Бајрам.

Збор побара г. Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Ми се чини дека правиме проблем и таму каде не постои.

Состојбата во Републиката е таква каква што е, доста е сериозна, доста тешка и не гледам никаква причина зошто да не го усвоиме, за мене, доста конструктивниот предлог на претседателот на Собранието од проста причина што ќе имаме можност да добиеме информации, веќе добивме од премиерот како најрелевантна личност од Владата, воедно ќе добиеме и од претседателот на Републиката кој исто така има свои размислувања веројатно и свои погледи на тоа каква е положбата на Републиката во ова доста тешко време, повторно ќе кажам, и би било добро да имаме сепак еден заеднички настап и пред граѓаните за да се види дека се работи за сериозни луѓе кои размислуваат за иднината на државата.

Поради тоа, сметам дека нетреба да има вакви разидувања дури ни прегласувања од проста причина што знаете на која страна е владеачкото мнозинство така што сметам дека сите треба да се договориме и расправата да ја одвиваме заеднички без никакво сценарио дали ќе бидат еден, двајца или тројца од пратеничките групи, туку таа да биде спонтана и со најдобра желба да донесеме заклучоци кои ќе бидат од интерес на Републиката.

Ви благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, имаме два предлози.

Едниот предлог е седницата денеска да продолжи со расправа.

Ќе ве молам, кој е за тоа денеска седницата да ја продолжиме со расправа.

Кој е за молам да крене рака? (реакција од пратениците)

Неможеме сега, имаме два предлози.

Процедурално, Деловнички денеска можам да побарам одлагање на седницата за утре. Јас тоа го ставам на гласање, вие побаравте денеска да продолжиме, па кој е за тоа денеска да продолжиме со работа, ќе ве молам да крене рака? Најдемократски да се договориме. (пак реакција од пратениците од опозицијата)

Ќе ве молам, да не се расправаме вие ќе барате денеска седница, јас предлагам седницата да ја одложиме согласно Договорот што ги имавме на Советот за национална безбедност.

Според тоа, ќе ве молам предлогот го ставам на гласање.

(реакција од пратениците)

Деловнички ли сакате?

Повелете деловнички уште еднаш.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратнеици,

Вие сами рековте дека утре ќе имаме нова седница по барање на претседателот на државата што е негово уставно право. Денеска на дневен ред имаме точка која е усвоена, се бара информација од страна од Владата. Дали тоа значи дека утре ќе имаме нова седница, ќе го ислушаме претседателот и по неговото излагање нема да дискутираме односно дебатираме или ќе имаме седница кога ќе дебатираме само по излагањето на претседателот, а дури тогаш ќе продолжиме со седницата која денеска ја одлагаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ви објаснам и тоа.

За збор се јави г.Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Пред малку го слушнавме премиерот дека изрази благодарност кон опозицијата за нашето однесување во овие 15 дена за кои практично не се огласивме по проблемите со кои се соочува нашата држава. Секој ден имавме прилика на конференции за печат што се организирани од страна на Владата да слушаме разни информации за тоа што се случува и како се организира државата во овие навистина извонредно драматични моменти за Македонија.

На денешната седница сметам дека опозицијата навистина се

подготвуваше да излезе со сопствени излагања, да го изнесе сопственото видување и мислам дека за тоа беше постигнат договор на претставниците на координаторите на парламентарните групи. Она што требаше да се почитува во овој момент, тоа е вистина, по излагањето на премиерот да се отвори дебата и да можеме навистина да учествуваме во една расправа за тоа што сметаме дека сите граѓани на Македонија се еднакво заинтересирани со таа цел предложивме всушност излагањето на премиерот да ни биде поделено за да можеме денеска да ја отвориме дебатата.

Ние не го оспоруваме правото на претседателот да му се обрати на Парламентот по завршувањето на дебатата. Кога таа ќе заврши утре или на некоја посебна седница, меѓутоа, навистина нема никаква причина во духот на онаа соработка која до сега е остварена, сега да ја продолжиме расправата за оваа тема за која се заинтересирани граѓаните на Македонија. Од друга страна она што беше речено е не гледам дека е навистина несериозно од наша страна што денеска бараме, а сериозно е да се одложи седницата на Парламентот за едно вакво суштествено и важно прашање за кое говореше премиерот.

Оттаму инсистираме мислам во духот на таа соработка денеска да се води дебата, верувајте дека тоа е дебата која е многу суштествена и значајна за сите нас независно на која политичка партија и припаѓаме и граѓаните очекуваат од нас на некој начин тие што гласале за нас да го слушнат нашето мислење и размислување за тоа во која насока ќе ги движиме работите во Македонија во една ваква ситуација. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас сакам само да ви дадам едно дообјаснување. Овде не се работи за ускратување на право на пратениците да си го искажат своето мислење. Овде се работи пратениците да можат да дојдат до поквалитетни сознанија. Го ислушавме едниот дел од договорениот состанок на кој настапи премиерот. Претседателот има одредени обврски поради кои неможе денеска да се обрати. Тој побара утре да се обрати. Јас предлагам по неговото излагање, бидејќи ќе се обрати за иста тема за која ние и онака ќе расправаме, да го

сослушаме претседателот, а потоа во 15,00 часот да продолжиме со седницата. Јас ве молам ништо не гледам во било какво скратување на правата на пратениците овде и околу ова прашање јас мислам да престанеме со надмодрувања и укажувања, бидејќи ни едно право нема да биде ускратено, го имате добиено во писмена форма излагањето на премиерот до утре може добро да се проучи тоа излагање, утре на посебна седница ќе го слушнеме излагањето на претседателот на државата и во 15,00 часот ќе продолжиме со оваа расправа. Јас незнам зошто мислите дека нечие право е злоупотребено, а тоа е, да знаете, во духот на договорот што го имавме на седницата на Советот за национална безбедност. Едни видувања претседателот кажа од неговите контакти, други видувања кои денеска ги слушнавме ги кажа премиерот. За да можеме да добиеме целосна претстава во расправата и дискусијата јас ова го предложив.

(Пратеникот Ризван Сулејмани од место прашува, зошто не го пуштивте Претседателот да зборува)?

Претседателот имаше обврски и побара да си оди, јас неможам од претседателот да барам да се јавува кога јас сакам.

Според тоа, ќе ве молам имаме два предлози. Едниот предлог е денеска да продолжиме со расправата без да го ислушаме претседателот.

Кој е за тој предлог нека крене рака? (реакција од пратениците)

Ќе ве молам, имаме еден предлог да продолжиме или да

прекинеме до утре во 15,00 часот. Тоа се два предлози. Слушам процедурално, што процедурално?

Повелете Биљали, но работата е да имаме поквалитетна расправа, да имаме и едно и друго мислење навистина.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Мислам дека проблемот е едноставен од процедурален аспект тука можеме со прегласување да одлучиме на пример на г.Амди Бајрам или г. Исмет Рамадани да не им дозволиме да дискутираат и тоа секогаш со галсање ќе оди така, за јасните ставови на Деловникот не се оди на гласање, тука имаме една седница, имаме излагање на премиерот и треба да се расправа по тоа. Не можеме да презакажеме специјална седница, па потоа да расправаме за двете седници. Ние сме на пат да инаугурираме нешто што не е само спротивно на деловникот, туку и спротивно на логиката. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Повелете г. Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас несакав да дискутирам поради тоа што претседателот на Собранието пак се обиде да образложи она за што се заправо одлага седницата за утре.

Господа пратеници,

За 10 часа или за 24 часа ништо не се менува. И да не бидеме заложници на некои вакви поднесувања. Јас се јавив за процедурално и седницата нека се одложи ако веќе сме за оваа парламентарна демократија. Ништо не менува ако почнеме утре. (дискусијата беше пропратена со аплауз)

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ќе ве молам мислам околу овие прашања имам....

и вие сакате процедурално. Повелете. (реакција во салата)

Ве молам дајте тишина да се ислушаме.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Денеска расправавме за многу важна работа и многу суштинска и чувствителна. Премиерот ни се обрати со неговото излагање и ако не продолжиме со расправа фактички работите се менуваат, во секунда ни се случуваат разни тешки работи. Фактички, ако претседателот на Собранието сака да ја одложи расправата за утре, тогаш ќе мора премиерот повторно да ни се обрати оти утре имаме нови ситуации и нови слики. Јас не се согласувам со мојот колега Сејфедин, бидејќи ние сме пратеници и претставници на тие граѓани кои ни се малтретираат дали од нашата држава се или бегалци од република Косово. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот.

Господинот Љубен Пауновски побара збор.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и г.пратеници,

Повеќе се јавувам за едно појаснување на целата ситуација затоа што координаторите на пратеничките гурпи вчера беа поканети на заеднички состанок кај претседателот на Собранието г.Саво Климовски. На тој состанок беше соопштено

дека на седница на Националниот совет за безбедност е договорено или да не речам заклучено поради ситуацијата да настапат и претседателот на државата г- Глигоров и претседателот на Владата г. Георгиевски.

По консултациите што јас ги направив со Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ имаше заедничко задоволство дека тој заеднички настап е навистина потребен, ние го респектираме и го прифативме со задоволство. Тоа беше договорот во текот на вчерашниот ден.

Се разговарале некои други видови на меѓусебни согласности околу текот на седницата и најдемократски онака како што постоеше мислењето и потребите така се прифати. Иако беше прифатено за одвивањето на текот на седницата според едни или две барања без разлика што тоа е прашање на еден џентлментски договор и треба да се респектира, бидејќи тука не треба огромно мнозинство, туку потребите на пратеничките групи. Но, тоа е надвор од оваа тема. Битната тема е следнава што и денеска на консултативниот состанок со координаторите на пратеничките групи меѓу другото беше предочено на следното: Пак изразено задоволството што ќе настапат и премиерот и претседателот на државата и беше разгледана можноста дали поради државничките обврски на г. Глигоров може да се земе во предвид потребата да настапи прв на денешната седница. Разговаравме, се кажаа сопствените мислења и се оцени дека текот на седницата ќе се одвива по овој редослед. Значи, таа забелешка што сега ја слушнав најодговорно тврдам дека беше земена во предвид, меѓутоа, беа респектирани и обврските на претседателот Глигоров и за текот на денешната седница.

**ЉУБЕН ПАУНОВСКИ:** (продолжение)

Сега пројавените обврски на претседателот на Државата, државниски обврски, кои му ја одземаат можноста да се изјасни на оваа седница, се надевам дека тоа не е личен негов став, туку да го диктираат неговите обврски, ние тоа го респектираме, меѓутоа, сега еден концепт поставен на седницата, кој е прифатен и од нашата пратеничка група, поради државните интереси на Република Македонија да ги добиеме информациите, ставовите, мислењата и информации, можеби, од контактите државнички што биле битни за овој период, ние сме ускратени да ги добиеме на денешнава седница. Мислам дека, посебно што беше забележано дека можеби за 20 саати нешто суштински нема да се измени, после сослушувањата треба ние како пратеничка група ги респектираме на ставовите на претседателот на државата, ќе ги имаме во комплет од двете страни ставовите и ќе можеме да дискутираме во однос на сето тоа. Затоа што, велам уште еднаш, беше земено предвид таа државничка обврска и беше предложено да настапи г-динот Глигоров денеска и прв. Да му предложиме, доколку пратеничките групи се согласуваат, респектирајки ги тие обврски. Тоа не беше на таков начин разбрано и не беше протолкувано дека има потреба да се предложи пред Парламентот и работите се одвиваа, како што се одвиваа.

Според тоа, респектирајќи го ставот на Националниот совет за безбедност дека има потреба на оваа седница да се појави претседателот Глигоров, но поради овие негови обврски не се појавува на денешнава седница, има барање за утре, ние во еден дел го респектираме тој став на Националниот совет за безбедност и од друга страна цениме дека има потреба да ги сослушаме неговите ставови. Според тоа, без разлика ова се случи во од целава ситуација, ние ќе го прифатиме предлогот на претседателот на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам немојте повеќе процедурални, ако има нешто друго ново да кажеме и да се изјанеме.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Сите знаеме дека ние сме тука репрезенти на нашето гласачко тело. Сите очи на нашето гласачко тело, па воопшто и на граѓаните на Република Македонија во овие моменти нивните очи се вперени кон оваа сала на Собранието. Ние денеска треба да расправаме по излагањето на г-динот Премиер. Се симна и стенограмот. Меѓутоа внимателно сме го слушале се тоа што кажа. Ние како пратеничка група имаме забелешки околу тоа излагање. Ако сакате вие утре да расправаме по излагањето и на претседателот на Државата, јас мислам дека не можат две седници, да се одржат две седници, да има излагање г-динот премиер и г-динот претседател на Државата, а да имаме само една расправа. Ние денеска ќе расправаме по излагањето на премиерот. Утре кој може да ни забрани тука да дебатираме по излагањето и на г-динот претседател. Затоа, ве молам, не ми го ускратувајте ова право дека ние сме тука, реков еднаш ќе го повторам уште еднаш, ние сме репрезенти на гласачкото тело и ги браниме нивните интереси. Јас не ги знам и кои се мотивите тоа што ги образложи г-

динот претседател се нејасни за нас. Сакате, исто така, да стане ова безпредметно понатаму, како што стана безпредметна Резолуцијата која беше предложена од страна на пратеничката група на ПДП. Ние имаме притисок од граѓаните воопшто во РМ, оваа седница требаше да се одржи порано, а не денеска. Затоа, јас мислам да продолжиме да се отвори расправа по излагањето на премиерот.- Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Значи, имаме искристализирано, така само ќе ве молам дајте сега,. ако се исцрпуваме за едно исто имаме еден предлог да продолжиме и имаме еден предлог да ја одложиме седницата.

Повелете, г-диние Петковски процедурално можеме да говориме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине претседател, почитувани колеги и претставници на Валда. Навистина, сакаме да го изразам своето жалење што веќе со овој предлог ја дисквалификувавме расправата по оваа многу значајна тема со која се соочени сите граѓани на Република Македонија и целиот регион.

Јас сакам да ве потсетам г-дине претседателе дека вие, практично ја отовривте расправата. Вие дури и дадовте збор на некои пратеници после нашата интервенција на пратеничката група да се ум-ножи излагањето на премиерот и да продолжи расправата. Меѓутоа, псоле интревенцијата на г-динот Пауновски мене ми е сосема јасно зошто сега се одлага расправата. Значи, треба и да се исслуша и претседателот на дражавата, па после тоа да се или спори со неговите тези, или врз основа, како што рековте, некои поопстојни информации можеби да ни дадат друга перспектива на проблемите. Ве молам, јас уште еднаш ќе повторам, претседателот на државата си има точно определени функции по Уставот какви што има Собранието и Премиерот.

Според тоа, претседатеалот на дражвата може во секое време да побара да се обрати на Собранието и тоа е негово уставно право. Нашите односи како Собрание со Владата се многу прецизно утврдени. Ве молам, ќе ве потсетам уште дека оваа точка на дневен ред на Собранието беше закажана пред 15 дена. Тао не е од вчера. Практично, Собранието е суспендирано и гласот на народните претставници, бидејќи според Уставот и покрај тоа што сме законодавен дом, ние сме и претставнички дом на граѓаните. Нивниот суверенитет е пренесен преку пратениците во Собранието. Според тоа, немаме право да молчиме. Петнаесет дена ова Собрание е суспендирано. Владата функционира, шефот на државата функционира, Советот за национална безбедност, меѓутоа Собранието е суспендирано, практично не функционира. А, колку работи од тогаш се случија и во каква се ситуација може да се најде РМ.

Мојот апел е да го чувате достоинството на Парламентот, пред се Вие како претседател на Собранието, а и ние како пратеници. Според тоа ние имаме комуникација заедно со Владата и можеме да расправаме врз основа на Информацијата на претседателот на Владата. Тие се односите. Оставетего шефот на Државата, негово право е можеби задутре ќе побара пак седница на Собранието да се обрати. Тој има право тоа да го прави. Јас ве молам да продолжиме со расправа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Мислам дека забелешките на пратеникот Тито Петковски дека е суспендирано Собранието не држат, бидејќи Собранието функционира во континуитет. Не можеме со такви квалификации да се согласиме. Овде се зборува за прашање Собранието да добие квалитетни информации и врз основа на договор на Советот за безбедност. Тоа беше целата работа.

Инаку, ако сакате и како сакате може да има и друго гледање.

Збор побара министерот за одбрана, г-динот Никола Кљусев.

Само процедурално, ќе Ве молам, г-дине министре.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Ако можам да помогнам. Станува збор на двете седници на Советот за безбедност, посебно на последната дадовме предлог, поради сложената состојба во земјата од безбедносен карактер, да настапи претседателот на Републиката и пред Парламентот и пред јавноста на Македонија. Тој се сложи и од тој аспект оваа седница се замислуваше да даде оценка и Премиерот и Претседателот на државата. И, таква беше композицијата денес. Претседателот беше замолен дали сака прв да настапи или на крајот. Тој самиот се определи да настапи на крајот Што дојде денеска тој да отстапи, слушаме дека тоа е поради зафатеност. Немојте, да правиме сега од ништо, само да дискутираме процедурални работи. Утре ке го соспушаме и него и ќе отвориме

дискусија по сите овие проблеми. Така што, треба да се сослуша Претседателот и во својство на претседател на Советот за безбедност. Состојбата е од тој аспект барана тој да настапи. И, чинам дека е мошне корисно да се слушнат работите на двете одговорни личности во државата и Парламентот да си поведе дискусија. Инаку, ако денеска поведеме дискусија, утре пак ли ќе поведеме дискусија за истиот проблем. благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Пратеникот Исмет Рамадани има збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Да, г-да со некои исклучоци, можете и да се смеете, само не сте биле 7 ноќ и 7 дена во Блаце вие. Не сте слушнале јаукања на децата, плачење, умирање таму. Затоа и се смеете.

Каква е оваа тенденција да се заќути пратеникот. Господине претседателе, не сум заборавил памтам рековте, ќе се ангажирате да се сочува достоинството на Парламентот, да го браните Парламетнот и претеникот. Сега излегува дека ако пратеникот кажува нешто, па ако кажува и нека не кажува сакате да ги замолчите мегународните информативни средства тука, СИ-ЕН-ЕН, БИ-БИ-СИ, сега дакате да не замолчите нас пратениците како опозиција, медиумите. А, воедно велите министерот за одбрана вели, многу е сложена ситуацијата. Премиерот вели дека е многу драматична. Само вие можете да кажете дека е сложена и раматична, а ние пратениците како народни пратеници не можеме да го кажеме. Ќе го кажеме од кога ке помине ова. Така можевте вие сега, одложивте две седници, одложивте седница минатата недела.

**НИКОЛА КЉУСЕВ:**

Тоа кажете му го на претседателот на Државата, а не на оваа Влада.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Значи, перфектни сте биле и ние не смееме ништо да кажеме. Немојте, ве молам.

Барам пратеничката група на ПДП нема ни да гласа, тука. ни да биде присутна кога ќе се надгласуваме и сега излегуваме од седницата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Имаме два предлози. Едниот предлог е денеска да продолжиме со расправа.

Кој е за тоа денеска да продолжиме со расправа?

Пратениците креваат рака.

24 пратеници гласа "за" тоа да се продолжи со расправа.

Кој е за тоа, утре седницата да ја продолжиме во 15,00 часот 54 пратеници се за одложување на седницата.

Утре во 11,00 часот ќе ја одржиме Четиринаесеттата седница на Собранието.

Во 13,00 часот ќе говори Претседателот на Република Македонија, ќе добиете известување и во 15,00 часот ќе ја одржиме оваа седница што сега ја одложивме.

(Седницата заврши во 14,00 часот.)